**Влада на Република Северна Македонија**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

**П Р И Л О Г**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ДОКУМЕНТИ, ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ |
| Одговорно лице и контакт информации: | **Сандра Анастасовска**<br>**02/320-0951**<br>**sandra.anastasovska@mdt.gov.mk** |
| Вид на Извештај: | ☐ Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Друго ____________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕВРОПСКА УНИЈА: | РЕГУЛАТИВА (ЕУ) 2024/1183 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 11 април 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 во однос на воспоставувањето на европската рамка за дигитален идентитет |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 17.02.2025 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | 17.04.2025 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација: | 02.05.2025 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | април 2025 година |

Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

# 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

## 1.1 Опис на состојбите

Во рамки на анализа на законската легислатива што Министерството за информатичко општество и администрација ја спроведуваше од септември 2017 година, поврзана со проектот „Регистар на население“, беше утврдена потребата од транспонирање на Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и Советот – позната како eIDAS 1.0. Регулатива.

Како резултат на тоа, во мај 2019 година беше донесен првиот Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19). Со него се уреди создавањето, складирањето и обработката на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги, како и нивната примена во управни и судски постапки. Законот ја воспостави правната и доказната сила на електронските документи, дигитализирани документи и нивната хартиена репродукција. Согласно неговите одредби, електронските документи имаат иста правна важност како и документите во писмена форма, а дигитализираните и репродуцираните документи се признаваат како валидни копии, доколку се создадени и потврдени во согласност со законот. Дополнително овој закон претрпи две измени и дополнувања со кои се доуредија правото за регистрација на шеми за електронска идентификација издадени од странски правни лица, квалификуваниот сертификат за автентичност на веб-страници издаден од давател на квалификувана доверлива услуга регистриран во Европската Унија или во земја членка на унијата се признава како да е издаден од домашно правно лице. Исто така се допрецизира што значи квалификуван електронски печат, како и се воведе инспекциски надзор над примената на овој закон кој ќе се врши од страна на секторот надлежен за инспекциски надзор во рамките на Министерството за дигитална трансформација.

Имајќи ги предвид тековните активности за дигитална трансформација и обврските кои произлегуваат од Реформската Агенда на Западен Балкан, се наметна потреба од усогласување со новата eIDAS 2.0. Регулатива (ЕУ) 2024/1183 од 11 април 2024 година. Постоечкиот закон не ги опфаќа новите измени како што се дигиталниот паричник за електронски идентитет, електронската потврда на атрибути, електронскиот записник, како и доверливите услуги – управување со уред за електронско потпишување на далечина и управување со уред за електронски печат на далечина.

Недостигот од јасни правила за воспоставување и примена на овие услуги претставува предизвик за понатамошната дигитализација и непречена прекугранична соработка.

## 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Причините за проблемите кои се предмет на разгледување произлегуваат првенствено од потребата за целосна хармонизација на националното законодавство со новата Регулатива (ЕУ) 2024/1183, која воведува повисоки и посложени барања во областа на електронската идентификација и доверливите услуги. Постојното законодавство во Република Северна Македонија не ги содржи сите потребни елементи за имплементација

особено во поглед на паричникот за електронски идентитет, електронската потврда на атрибути, електронските записници и управување со уреди за електронски потпис и печат на далечина.

Конкретно, клучните предизвици се должат на потребата од значителна надградба и прилагодување на техничко-технолошката инфраструктура, што подразбира воведување нови безбедносни стандарди и усвојување на јасна и прецизна законска рамка. Состојбата дополнително ја усложнува неопходноста од интеграција и интероперабилност на новите технички решенија со постојните национални системи и нивна компатибилност со европските прекугранични сервиси.

Дополнителна причина за идентификуваните проблеми е недоволното искуство и познавање на институциите, давателите на услуги и крајните корисници со новите видови доверливи услуги и дигитални алатки, што ја отежнува нивната брза и успешна примена. Тоа создава потреба од дополнителни напори во вид на административни, организациски, кадровски и буџетски прилагодувања, како и јакнење на капацитетите за заштита на личните податоци и сајбер-безбедност.

Поради овие причини, неопходна е координирана акција на законодавно, институционално и техничко ниво за да се обезбеди ефикасна, сигурна и сеопфатна примена на новата регулатива и успешно решавање на постоечките предизвици.

## 2. Цели на предлог регулативата

Општата цел на Предлог законот е до јуни 2026 година да се воспостави сигурен, унифициран и интероперабилен систем за дигитален идентитет на национално ниво, кој ќе овозможи безбеден, правично достапен и ефикасен пристап до електронски услуги во јавниот и приватниот сектор, во согласност со Регулативата (ЕУ) 2024/1183.

Специфични цели:

Зголемување на безбедноста на електронските трансакции до крајот на 2026 година

- Воведување напредни механизми за идентификација и автентикација, квалификувани електронски потписи и нови доверливи услуги (архивирање, атестација на атрибути) во согласност со највисоките безбедносни стандарди.
- Обезбедување бесплатен паричник за електронски идентитет за сите граѓани, достапен и за лица со попреченост и ограничен дигитален пристап.
- Подготовка и спроведување на обуки за крајни корисници и јавната администрација.

Имплементација на дигитален паричник до 2027 година

- Обезбедување функционален паричник за дигитален идентитет што овозможува:
– сигурно чување и управување со лични податоци и документи
– користење на бесплатен електронски потпис од страна на физичките лица
– селективно споделување атрибути и податоци.

Постигнување интероперабилност и прекугранична соработка до 2028 година

- Усогласување со европските технички и правни стандарди за електронска идентификација и доверливи услуги.
- Признатост на македонскиот паричник за дигитален идентитет и доверливи услуги од страна на други држави-членки на ЕУ.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Не преземањето на решение, односно „не прави ништо" нема да може да се започне со развој и имплементација на дигиталниот паричник. Ова може да доведе до различни нивоа на безбедност и правна сигурност во земјата, создавајќи бариера за интеграцијата и употребата на електронски услуги. Како резултат, може да се намали ефикасноста на искористеноста на системите што се поддршка на дигитализацијата со што ќе го забави напредокот на дигиталната трансформација.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Понуденото законско решение предвидува изменување и дополнување на постојниот закон со цел усогласување со Регулативата (ЕУ) 2024/1183, преку прецизно дефинирање на концептот, структурата и функционалноста на паричникот за дигитален идентитет. Со ова решение ќе се воспостави јасна правна рамка за негово издавање, употреба и повлекување, вклучително и правила за заштита на личните податоци, безбедносни стандарди и интероперабилност со националните и европските системи.

Дополнително, законските измени предвидуваат воведување на нови доверливи услуги како што се: квалификувана електронска потврда на атрибути, квалификуван електронски записник, како и управување со уреди за создавање на потписи и печати на далечина.

Понуденото решение, исто така, обезбедува правичен и бесплатен пристап до паричникот за дигитален идентитет за сите граѓани, вклучително и за ранливите категории, со што се обезбедува дигитална инклузија и еднаков третман при користење на јавни и приватни е-услуги.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

**Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:**

### 4.1 Економски влијанија

Воспоставувањето и користењето на дигиталниот паричник ќе овозможи поедноставен, побрз и побезбеден пристап до јавни и приватни услуги, што директно ќе придонесе за зголемување на оперативната ефикасност кај бизнисите и институциите. Како резултат, се очекува зголемување на инвестициите во дигитални технологии и појава на нови деловни модели во сектори како што се финансиите, здравството, образованието и е-трговијата. Автоматизацијата на процесите ќе доведе до намалување на административните трошоци и ќе го намали потребното време за обработка на документи и испорака на услуги.

Понатаму, дигиталниот паричник ќе овозможи еднаков пристап за сите физички и правни лица, вклучувајќи ги и оние во помалку развиени региони, со што ќе се поттикне економска инклузија, дигитална рамноправност и севкупен локален развој.

Стандардизацијата на протоколите ќе ја олесни размената на информации и трансакции, како и интероперабилноста меѓу различни системи.

Како можни негативни влијанија, треба да се земе предвид дека воведувањето на нови технолошки решенија може да создаде финансиски притисок особено во почетната фаза на прилагодување и интеграција. Исто така, постои ризик од привремено нарушување на тековните работни процеси поради премин кон електронско работење, како и потреба од обука на човечки ресурси. Неподготвеност на одредени економски субјекти да ги прифатат новите дигитални алатки може да доведе до одложена адаптација и потенцијална загуба на конкурентност на пазарот.

Во случајот на **„неправи ништо"**, нема да има дополнителни економски влијанија.

### 4.2 Фискални влијанија

Овие предлог измени ќе предизвикаат фискални влијанија врз буџетот на Република Северна Македонија, пред сè поради трошоците за развој, прилагодување и имплементација на паричникот за дигитален идентитет и новите доверливи услуги. Притоа, трошоците опфаќаат набавка на технолошка опрема, развој на софтверски решенија и унапредување на техничка поддршка.

Вкупно се предвидуваат околу 5 милиони евра за целокупната имплементација, распределени по години на следниот начин:

2025 година: 9.000.000 денари (планирани и обезбедени во рамки на програмата Дигитална Европа);

2026 година: 200.000.000 денари;

2027 година: 200.000.000 денари.

Во случајот на **„неправи ништо"**, нема да предизвика дополнителни финансиски влијанија.

### 4.3 Социјални влијанија

Примената на ова законско решение ќе има значајни социјални влијанија, преку дигиталната трансформација, граѓаните ќе имаат полесен и побрз пристап до услугите и комуникација со администрацијата. Дополнително, социјалната инклузија ќе се зголеми, ќе се подобри пристап до јавни услуги, и ќе се создадат подобри услови за заштита на лични податоци и социјална рамноправност.

Во случајот на **„неправи ништо"** би довело до дискриминација на лицата со попреченост, како и неможноста за обезбедување на инклузивно општество.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Спроведувањето на ова законско решение ќе има позитивни влијанија на животната средина, особено преку намалување на употребата на хартија, оптимизирање на ресурсите, и намалување на транспортот, што ќе резултира во поголема енергетска ефикасност и смалување на емисиите на CO2. Ова решение ќе ги поттикне и одржливите практики и ќе допринесе за поодржливо управување со природните ресурси.

Во случајот на **„неправи ништо“**, може да ја зголеми потребата од сечење на дрвја, а со тоа и да се зголеми отпадот од хартија, што би имало негативно влијание врз животната средина.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци –

### а) трошоци за спроведување

За спроведување на овој предлог закон ќе биде потребно обезбедување на човечки ресурси и финансии за набавка и одржување на технолошки решенија кои ќе ги задоволат стандардите за паричникот за дигитален идентитет.

Трошоците за имплементација на ова законско решение ќе вклучуваат големи почетни инвестиции во развој на инфраструктура, безбедност, обука, правни консултации и техничка поддршка, како и континуирани трошоци за одржување на системот. Сепак, долгорочно, овие трошоци можат да се надоместат преку повеќе ефективни јавни услуги, повеќе заштеди и повеќе економска активност, како и зголемени приходи од даноци и намалени административни трошоци.

Во случајот на **„неправи ништо“**, примената на досегашното решение нема да предизвика дополнителни трошоци за спроведување на регулативата.

### б) трошоци за почитување на регулативата

Со воведувањето на нови обврски произлегуваат и административни оптоварувања, формалности и трошоци за физичките и правните лица, особено за давателите на доверливи услуги и деловните субјекти кои ќе користат или ќе интегрираат паричник за дигитален идентитет.

Овие трошоци вклучуваат:

- прилагодување на системите за електронска идентификација и доверливи услуги
- исполнување на формални барања за регистрација и известување кон надлежниот орган;
- имплементација на мерки за заштита на личните податоци;
- трошоци за техничка поддршка, обука и редовно ажурирање на системите;
- за правните лица: задолжителна идентификација, интеграција со други системи и потреба од правна консултација за усогласување.

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Засегнати страни врз кои предлог регулативата ќе има влијание се институциите од јавниот сектор, граѓаните како крајни корисници на услугите кои ги даваат институциите.

Во периодот на изработка на извештајот и на предлог законското решение беше формирана меѓуресорска работна група, со претставници од институциите од јавниот сектор и давателите на доверливи услуги..

Дополнително, работната група одржа два работни состаноци на кои се утврдуваше содржината на нацрт текстот на законот за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

На 17.02.2025 година на Единствениот национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР беше објавено Известување за почеток на процесот за подготовка на предлог законот. Потоа на 12.03.2025 година нацрт текстот на законот се објави на веб-страната на ЕНЕР, со цел јавноста и сите засегнати страни да бидат запознаени со предлог текстот на законот и за да може да дадат свои коментари за негово подобрување.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Во прилог на овој ПВР Извештај е табела со пристигнати мислења кои се вградени во предлог законот.

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

Во прилог на овој ПВР Извештај е табела со пристигнати мислења кои не се земени во предвид и образложение за истото.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Со донесувањето на ова законско решение може да донесе значителни позитивни влијанија како што се повеќе ефикасни јавни услуги, поголема транспарентност, и поддршка на економскиот раст. Меѓутоа, исто така постојат негативни влијанија кои вклучуваат високи почетни трошоци, ризици за приватноста и можни технолошки бариери за одредени социјални групи. Клучен е балансот помеѓу овие влијанија за да се обезбеди успешна имплементација на системот.

Опцијата „не прави ништо“ на краток рок не би предизвикала дополнителни фискални или административни трошоци. Сепак останувањето без законски измени би значело дека националното законодавство нема да биде усогласено со Регулативата (ЕУ) 2024/1183, што директно го ограничува приклучувањето на Северна Македонија во европските процеси и иницијативи за дигитализација. Дополнително, државата би ризикувала да не ги исполни обврските преземени во рамки на Реформската агенда за Западен Балкан, што може негативно да влијае врз процесите на европска интеграција. Со ваков пристап, се зголемува и ризикот од продлабочување на дигиталниот јаз меѓу Северна Македонија и земјите-членки на Европската Унија. Недостатокот од напредок во дигитализацијата може да предизвика намалување на довербата на граѓаните во електронските услуги и да доведе до технолошко и институционално заостанување на државата во клучна фаза од дигиталната трансформација.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Со донесувањето на новото законско решение постојат неколку потенцијални ризици во спроведувањето и примената: недоволни финансиски ресурси, недостаток на техничка експертиза, отпор кон промени, недоволен мониторинг, технолошки застарени

системи, неприфатеност од корисниците. Постои можност корисниците да не бидат доволно информирани или да не ги разберат придобивките од овие промени, што може да доведе до ниска употреба на новите или прилагодените решенија.

Доколку остане моменталното решение, таа значи дека Република Северна Македонија не ги почитува обврските за усогласување на националното законодавството со правото на Европска Унија, што претставува закана и пречка за напредокот на Република Северна Македонија кон членство во Европската Унијата.

Дополнително, ако остане моменталното решение тоа би значело дека Република Северна Македонија може да се соочи со сериозни предизвици, вклучувајќи забавување на дигитализацијата, поголеми безбедносни ризици, недостаток на правна сигурност и невозможност за економски раст и конкурентност. Понатамошно одложување на имплементацијата може да ја ограничат земјата во нејзината способност да се интегрира во глобалната дигитална економија и да обезбеди ефикасни и безбедни јавни услуги за граѓаните.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги се исполнува една од обврските од Реформаската Агенда на Западен Балкана што се однесува на Република Северна Македонија. Законот обезбедува високо ниво на безбедност на личните податоци, преку примена на напредни технологии како криптографија и двоетапна автентикација. Ќе се создаде правна рамка која ќе гарантира заштита на правата на корисниците и ќе ги стандардизира дигиталните услуги според европските и глобалните практики. Ова решение ќе овозможи интеграција на Република Северна Македонија во европскиот дигитален пазар, што ќе поттикне економски раст и привлекување странски инвестиции. Во исто време, ќе се поддржи инклузивноста на сите граѓани, осигурувајќи им пристап до дигиталните платформи без разлика на нивниот социјален статус или локација.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

/////

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Подзаконските акти ќе се донесат во рок од 1 (една) година од денот на влегување во сила на овој закон:

1. Правилник за дополнителни функционалности на Дигиталниот паричник за електронски идентитет.
2. Правилник за формата, содржината и начинот на користење на дигиталниот паричник за електронски идентитет од страна на корисникот.
3. Правилник за формата, содржината и начинот на барањето за отповикување на користење на дигитален паричник за електронски идентитет од страна на корисникот.

4. Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата за упис, потребната документација како прилог кон барањето, образецот на пријавата и начинот на водење на евиденцијата за дигиталниот паричник за електронски идентитет.

5. Правилник за техничките и организационите мерки и процедури за издавање на дигитален паричник за електронски идентитет во согласност со стандардите за сајбер безбедност.

6. Правилник за техничките и организационите мерки и процедурите за издавање на дигитален паричник за електронски идентитет за редовни проверки на ранливост.

7. Правилник за технички стандарди за Дигиталниот паричник за електронски идентитет.

8. Правилник за формата, структурата, големината и логото на ознаката за доверба на квалификувана доверлива услуга и на ознаката за доверба за дигитален паричник за дигитален идентитет.

9. Правилник за управување со уреди за далечинско создавање на квалификувани електронски потписи.

10. Правилник за управување со уред за далечинско создавање на квалификувани електронски печати.

11. Правилник за стандарди за квалификувана услуга за долгорочно чување на квалификувани електронски потписи и електронски печати.

12. Правилник за стандарди за доверлива услуга за квалификувана услуга за електронски записник.

13. Правилник за проверка на идентитет и проверка на атрибути при издавање на квалификувани електронски потврди на атрибути.

14. Правилник за стандарди и постапки за врзување на датум и време со податоци, како и за утврдување на точноста на временските извори во врска со квалификувани електронски временски жигови.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Надлежен орган ќе бидат Министерството за дигитална трансформација.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Континуираното вложување во технологија, образование, безбедност и правни рамки ќе осигури ефикасно спроведување и долгорочна одржливост на системот.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Следењето на спроведувањето на законот ќе го врши Министерството за дигитална трансформација, како надлежен орган за неговата примена.

Во рамки на овој процес, ќе се изготви план за имплементација воедно ќе се следат различни аспекти, како што се бројот на издадени паричници за дигитален идентитет, функционирањето на системите за електронска идентификација, нивото на техничка подготвеност, почитувањето на безбедносните и правните стандарди, како и искуството и задоволството на крајните корисници.

Министерството ќе изготвува годишен извештај за спроведувањето на законот, кој ќе содржи преглед на постигнатото, утврдени пречки во имплементацијата и предлози за подобрување. Извештајот ќе се доставува до Владата. Покрај тоа, ќе се воспостави редовна комуникација и соработка со други засегнати страни – граѓански организации, приватен сектор и академската заедница – со цел да се обезбеди транспарентност и навремено реагирање на евентуални предизвици.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуацијата на ефектите од предлог на законот и рокови, врз основа на следните индикатори:

- мерење на брзината и ефикасноста на јавните услуги пред и по имплементацијата на Дигиталниот паричник за електронски идентитет од денот на примената на овој закон,

- следење на бројот на инциденти поврзани со безбедноста и приватноста на годишно ниво.

- број на пристапни услуги за сите граѓани кои го користат Дигиталниот паричник за електронски идентитет, особено во региони со ограничен интернет пристап на годишно ниво.

- оценка на успехот на образовните кампањи и нивниот ефект на подигнување на јавната свест, од денот на примената на овој закон.

- одржување на 15 настани кои се организирани со цел подигнување на свеста за дигитална писменост, како конференции, форуми, и сл., до крај на 2028 година.

## Изјава од државниот секретар

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:______________**

____________________________

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:___________________

___________________________
потпис на министерот

**Влада на Република Северна Македонија**

| |
|---|
| Република Северна Македонија<br>Бр.._____________<br>_________/______/2025 година |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА |

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| **Име на материјалот** | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ДОКУМЕНТИ, ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ (*) | |
| | **ЕПП бр. 2024.0007.8399** | |
| **Усогласеност со Годишната програма на Владата:** | | |
| **Поврзаност со годишната Програма на Влада** | | |
| **Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** | | |
| ДА | ДЕЛУМНО | НЕ |
| **Карактер на материјалот:** | | |
| **слободен пристап** | ограничена употреба | класифицирани информации (државна тајна, строго доверливо, доверливо, интерно) |
| **Итност на материјалот:** | | |
| МАТЕРИЈАЛОТ Е ОД ИТЕН КАРАКТЕР | | |
| **Прилози:** | | |

- Меморандум
- Образец за проценка на фискалните импликации
- Барање за мислење
- Текст на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги
- Изјава за усогласеност со прописите на Европската Унија
- Кореснодентни табели

**Влада на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| • Превод на Регулативата 2024/1183 | |
| **Дата на доставување на материјалот:** | **ПОТПИС:** |
| _____ / _____ / 2025година<br>Скопје | **МИНИСТЕР**<br>Стефан Андоновски |